# З А П И С Н И К

бр. 01

Од одржаната 1-ва редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 11.11.2017 год. со почеток во 12:00 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите 9 советници:Виктор Ангелов, Владо Ристов, Маја Илијева, Јохан Ѓоргиев, Виктор Новков,Душко Георгиев, Славчо Гиздовски, Здравко Иванов и Дивна Веселинова. Останати присутни: Благој Николов, Кристијан Савев и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Избор на верификациона комисија**
2. **Верификација на мандат на членовите на Советот на општина Зрновци**
3. **Избор на Претседател на Советот на општина Зрновци**

**ТЕК НА СЕДНИЦАТА**

Претседателот од предходниот состав на Совет ја отвори седницата, ги поздрави присутните и отвори дискусија по дневниот ред.

Немаше дискусија и истиот со 9-ЗА гласови беше усвоен.

1. **Избор на верификациона комисија**

Благој Николов уште еднаш ги поздрави присустните и побара предлози за формирање на верификационата комисија. Беа предложени: Јохан Ѓоргиев, Дивна Веселинова и Владо Ристов. Комисијата беше едно гласно подржана и избрана од сите 9 советници. Комисијата го собра уверенија и документите за лична идентификација од сите советници и се повлече на нивно разгледување.

2. **Верификација на мандат на членовите на Советот на општина Зрновци**

После кратка пауза комисијата се врати во просторијата а претседателот Владо Ристов го прочита извештајот во кој се велеше дека уверенијата и идентитетите на сите 9 советници се проверени и дека комисијата го верификува нивниот мандат. На сите им се честиташе новиот мандат и им се посака успешна и плодна работа.

3. **Избор на Претседател на Советот на општина Зрновци**

Благој Николов ја отвори точката на дневен ред и побара предлози за претседател на советот. Душко Георгиев се јави за збор и го предложи Владо Ристов за претседател на советот. Немаше други предлози. Овој предлог беше подржан од 9-ЗА гласови и со тоа Владо Ристов беше избран за Претседател на Советот на општина Зрновци.

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на поранешен Совет на општина Зрновци**
**Благој Николов**

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)